# ОГЛАС

Обезбедено **приватно здравствено осигурување** и **напредок во кариерата** согласно личните постигнувања, исплата на **максимален износ на регрес** за годишен одмор, обезбедена **стабилна и сигурна работа** со почитување на сите законски одредби.

Ова се само дел од поволностите кои ги нудиме.

Нашата компанија, Макстил АД Скопје (www.makstil.com) е дел од глобална групација, со долгогодишна традиција и репутација на светскиот пазар во металопреработувачката индустрија. Ова ни овозможува да нудиме најдобри услови за работа на нашите вработени.

Во моментов, во рамки на нашиот тим за Одржување, отворено е следново работно место:

## ЕЛЕКТРО ИНЖЕНЕР - ЕНЕРГЕТСКА НАСОКА

**Опис на работно место:**

- Планира, организира и координира со сите активности во одржувањето во својата зона;
- Ја координира и контролира дневната работа на тимовите;
- Ги контролира и спроведува потребните мерки, средства и опрема за безбедно извршување на работните задачи;
- Соработува со одговорните лица од производство со цел проектирање на оперативните активности за интервенција;
- Ги утврдува потребите за резервни делови и материјали во својата зона на работа.

**Работни услови:** Работа во една смена, од понеделник до петок.

**Потребни квалификации:**

- Високо образование, 240 ЕКТС - Дипломиран електро инженер;
- Со и без работно искуство;
- Познавање на англиски јазик;
- Способност за планирање и менаџирање;
- Флексибилност, адаптибилност и способност за работа во динамично опкружување;
- Самоиницијативност и посветеност;
- Прецизност и аналитичност;
- Способност за работа под притисок и со рокови;
- Тимска работа и кооперативност.

Доколку сакате да станете дел од нашиот тим и имате искрена желба за учење на нови работи, испратете ја вашата кратка биографија по електронски пат на **kariera@makstil.com.mk**, со назнака за работното место за кое аплицирате, најдоцна до **26.05.2024 година**.

Макстил АД Скопје обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.

Согласно Законот за заштита на лични податоци вашата апликација и податоците ќе се користат исклучиво за потребите за вработување за работното место Електро инженер - Енергетска насока и ќе бидат избришани од нашата дата база во рок од 5 дена по склучување на договор за вработување со избраниот кандидат.